# Поедноставен ПРВ СТЕПЕН

## На сила се ограничувања на потрошувачката на вода...



## Жителите на Мелбурн заслужуваат честитки за нивните постојани напори да заштедат вода

Домаќинствата, бизнисите и индустријата во Мелбурн заеднички ја намалија потрошувачката на вода за 40 проценти во последнава деценија.

Обилните врнежи во изминативе две години значат дека и кај состојбата со резервоарите има значителен пресврт.

Нашето преоѓање кон нов, поедноставен Прв степен на ограничувања на потрошувачката на вода не ќе беше возможен ако не се случеа тие две промени ама, иако сега е дозволено полевање на тревниците, сепак сите ние треба да продолжиме разумно да ја трошиме водата во рамките на нашиот стремеж да живееме на поодржлив начин.

За сите домаќинства и бизниси во Мелбурн сега се на сила следните главни ограничувања на потрошувачката на вода:

### Градини и тревници во станбени зони и градини и тревници што служат за бизнис

**ТРЕВНИЦИТЕ СМЕЕТЕ ДА ГИ ПОЛЕВАТЕ ВО ИСТО ВРЕМЕ СО ГРАДИНИТЕ.**

#### Рачно полевање

Градините и тревниците во станбените зони и градините и тревниците што служат за бизнис смеете да ги полевате во секое време и во секој ден ако користите рачно црево на кое е поставен распрснувач.

#### Системи за полевање

Градините и тревниците може да ги полевате со помош на системи за полевање (рачни, автоматски, што ја распрснуваат водата или ја пуштаат капка по капка) само во наизменични денови 6 до 10 часот претпладне **и** од 6 до 10 часот попладне.

Наизменични денови значи дека луѓето може да ги користат своите системи за полевање само во парни или само во непарни денови, врз основа на датумот:

- Имотите чиј уличен број е парен или кои немаат уличен број смеат да полеваат на парните датуми, на пример, на 2-ри, 4-ти, 6-ти, итн.
- Имотите чиј уличен број е непарен смеат да полеваат на непарните датуми, на пример, на 1-ви, 3-ти, 5-ти, итн.
- Сите имоти смеат да полеваат на 31-ви.

### Јавни градини, тревници и игралишта

#### Рачно полевање

Јавните градини, тревници и игралишта смеете да ги полевате во секое време и во секој ден ако користите рачно црево на кое е поставен распрснувач.

#### Системи за полевање

За јавните градини, тревници и игралишта исто така може да се користат системи за полевање во наизменични денови 6 до 10 часот претпладне и од 6 до 10 часот попладне во согласност со одобрен План за користење на водата.

**Отпадна вода, дождовница и преработена вода** може да се користи во секое време за полевање на градини и тревници. За упатства за безбедно користење, посетете го **www.epa.vic.gov.au**.

Не важат никакви прописи за дождовница собрана во цистерна под услов таа да не се дополнува со вода за пиење.

На сила од декември 2011 г.

City West Water LIMITED
**131 691**
www.citywestwater.com.au

SOUTH EAST WATER
**131 867**
www.southeastwater.com.au

Yarra Valley Water
**131 721**
www.yarravalleywater.com.au

# Поедноставен ПРВ СТЕПЕН На сила се ограничувања на потрошувачката на вода...

## Фонтани и други водени површини

Вашата фонтана или друга водена површина смеете да ја полните и да ја пуштате да работи само ако таа постојано ја користи истата вода.

## Миење тврди површини со црево

Не смеете да миете со црево тврди површини како што се прозорци, фасади на згради, приоди за автомобили, патеки, бетон, плочки, дрвени подови и други обложени површини, освен ако чистењето е неопходно како последица на несреќен случај, на пример, пожар, опасност по здравјето, опасност по безбедноста, или друг итен случај.

Може да користите апарат за чистење со вода под висок притисок или, ако немате таков апарат, тогаш рачно црево на кое е поставен распрснувач, или кофа кога се во тек градежни работи или реновирање.

## Миење возила

Вашата кола, чамец или друго возило смеете да ги миете дома во секое време и во секој ден од неделата ако користите апарат за чистење со вода под висок притисок, рачно црево на кое е поставен распрснувач, или кофа или канта за полевање.

## Базени, спа-кади и играчки на вода

### Полнење

Нов базен или спа-када со зафатнина до 2000 литри може да се наполни со рачно црево на кое е поставен распрснувач, со кофа или со канта за полевање, или пак со автоматска направа за дополнување на вода. Меѓутоа, новите или постојните базени или спа-кади со зафатнина поголема од 2000 литри може да се полнат само во согласност со План за користење на водата. За повеќе информации, јавете се во компанијата што ве снабдува со вода.

### Дополнување

Постоен базен или спа-када со било која зафатнина може да се дополнува со помош на автоматска направа за дополнување или со рачно црево на кое е поставен распрнувач, со кофа или со канта за полевање.

Пренослива спа-када може да се полни или дополнува само во согласност со План за користење на водата.

### Играчки на вода

Играчка на вода што е поврзана со црево не смее да се користи во никое време.

## Исклучоци

Трите компании за водоснабдување во Мелбурн можат да дозволат исклучоци од ограничувањата на потрошувачката на вода во посебни околности. За информации во врска со околностите во кои би можел да биде дозволен исклучок, ве молиме погледнете го Планот за постапување при суша (Drought Response Plan) што  може да го добиете од вашата компанија што ве снабдува со вода.

Барање за исклучок може да поднесете ако се јавите кај вашата компанија што ве снабдува со вода.

### Новопосеани тревници со трева што поднесува горештини и суша

Може да ви биде одобрен исклучок за да користите системи за полевање на новопосеани тревници со трева што поднесува горештини и суша и што се налага од временските услови, најмногу во текот на првите 28 дена откако тревникот е посеан.

Посетете го местото на интернет **www.warmseasongrass.com.au** за повеќе информации и за да поднесете барање.

## Казни

Сите мора да се придржуваат кон ограничувањата на потрошувачката на вода од Прв степен, а за оние што не ги почитуваат ќе бидат казнети. За повеќе информации околу казните и нивното извршување, ве молиме јавете се кај вашата компанија што ве снабдува со вода.

## Натамошни информации

Посетете го местото на интернет на вашата компанија што ве снабдува со вода за повеќе информации во врска со ограничувањата на потрошувачката на вода од Прв степен.



City West Water LIMITED
**131 691**
www.citywestwater.com.au

SOUTH EAST WATER
**131 867**
www.southeastwater.com.au

Yarra Valley Water
**131 721**
www.yarravalleywater.com.au